**20150952949**

## АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Врз основа на член 116 од Законот за катастар на невдижности („Службен весник на Република Македонија“ број 55/13, 41/14 и 115/14), Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА БОДИРАЊЕ НА ПРВИОТ И ВТОРИОТ ДЕЛ ОД ИСПИТОТ ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ОВЛАСТЕН ГЕОДЕТ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на бодирање на првиот и вториот дел од испитот за стекнување на овластување за овластен геодет (во натамошниот текст: испитот).

Член 2

(1) Првиот дел од испитот се полага за секоја од областите од членот 108-а од Законот за катастар на недвижности, електронски, во траење од 45 минути за секоја област посебно.

(2) Испитот од став (1) на овој член содржи по 15 прашања за секоја од областите со по пет опции за заокружување на одговорот, од кои една опција е точна и се бодира со 2 поени, две опции се слични со точната опција и се бодираат со 1 поен, една опција не е точна во мал обем и се бодира со 0,5 поени и една опција не е точна во голем обем и се бодира со 0 поени. Максималниот број на освоени поени за секоја од областите посебно изнесува 30 поени. Кандидатот ја положил областа ако освоил најмалку 21 поен.

(3) Се смета дека кандидатот го положил првиот дел од испитот ако ги положил сите области пропишани во член 108-а став (3) од Законот за катастар на недвижности.

(4) Ако кандидатот го положи првиот дел од испитот му се овозможува полагање на вториот дел од испитот. Доколку кандидатот не го положи првиот дел од испитот се смета дека испитот не го положил.

(5) Вториот дел од испитот се состои од проучување на две студии на случај од кои едната од областа „катастарски планови и планови на инфраструктурни објекти“ и другата од областа „премер, геодетски работи за посебни намени, геодетски елаборат и електронски деловодник“ и одговарање на шест прашања кои произлегуваат од секоја од студииите. Вториот дел од испитот се полага во вид на електронска студија на случај во траење од 45 минути за секоја област. Секоја од студиите на случај содржи по шест прашања, при што секое од прашањата има десет можни опции на одговор од кои една е точна и се бодира со 5 поени, пет се слични со точната опција на одговор и се бодираат со 3 поени и четири опции се различни (неточни) и се бодираат со 0 поени. Максималниот број на освоени поени за секоја од студиите на случај посебно изнесува 30 поени.

(6) Кандидатот ја положил студијата на случај ако освоил најмалку 21 поен.

(7) Се смета дека кандидатот го положил вториот дел од испитот ако ги положил двете студии на случај.

Член 3

На кандидатот кој го положил испитот му се издава овластување за овластен геодет.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува по создавањето на технички услови за спроведување на испитот за овластен геодет согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ број 115/14).

Бр. 01-8674/1
3 јуни 2015 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Анета Јорданова**, с.р.